4166.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 октомври 2016 година.

Бр. 08-4295/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 и 23/16), во членот 14 став (3) во точката 9 сврзникот „и” на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 10 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и” и се додава нова точка 11, која гласи:

„11. Обезбедување на пристап до мрежата на електрична енергија во случај на загушување на соодветна алокациска единица при доделување на прекугранични преносни капацитети на интерконективните водови.”.

Член 2

Во членот 30 став (1) во точката 16 сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 17 точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“ и се додава нова точка 18, која гласи:

„18. Пелети, печки на пелети и котли на пелети.”.

Член 3

Во членот 41 став (2) зборовите: „да поднесе периодичен финансиски извештај од одобрените фискални системи на опрема за регистрирање на готовински плаќања и” се бришат.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”, а одредбата на членот 3 ќе се применува од 1 јануари 2017 година.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR TATIM MBI VLERËN E SHTUAR

Neni 1

Në Ligjin për tatim mbi vlerën e shtuar ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15 dhe 23/16), në nenin 14 paragrafi (3) në pikën 9 lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 10 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe" dhe shtohet pika e re 11, si vijon:

"11. Sigurimi i qasjes në rrjetin e energjisë elektrike në rastin e ngulfatjes së njësisë përkatëse të alokacionit gjatë ndarjes së kapaciteteve bartëse tejkufitare të përçuesve interkonektivë.".

Neni 2

Në nenin 30 paragrafi (1) në pikën 16 lidhëza "dhe" në fund të fjalisë zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 17 pika në fund të fjalisë zëvendësohet me lidhëzën "dhe" dhe shtohet pika e re 18, si vijon:

"18. Peleta, furra të peletave dhe kaldaja të peletave.".

Neni 3

Në nenin 41 paragrafi (2) fjalët: "të parashtrojë raport financiar periodik nga sistemet e miratuara fiskale të pajisjes për regjistrimin e pagesave me para në dorë dhe" shlyhen.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", kurse dispozita e nenit 3 do të zbatohet nga 1 janari 2017.

4167.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за минерални суровини,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 12 октомври 2016 година.

Бр. 08-4296/1
12 октомври 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Член 1

Во Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија” број 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 120/16), во членот 17-а став (12) бројот „75” се заменува со бројот „74”.